# Општи услови за користење на порталот за набавки на Купувачот

**1. Преамбула**

1.1 Купувачот користи портал за набавки на својата веб-страница.

1.2 Овој портал за набавки им овозможува на Снабдувачите (Изведувачите) да ја презентираат својата компанија, производи и услуги на Купувачот.

1.3 Порталот за набавки се користи исклучиво врз основа на овие Општи услови за користење (во натамошниот текст „Услови за користење").

**2. Регистрација / Обврски на Снабдувачот (Изведувачот)**

2.1 Секој Снабдувач (Изведувач) кој има намера да стапи во деловен однос со Купувачот мора да се регистрира на Порталот за набавки. Снабдувачот (Изведувачот) гарантира за точноста и комплетноста на внесените податоците.

2.2 Купувачот го задржува правото целосно или делумно да одбие регистрација. Снабдувачот (Изведувачот) нема да има право на жалба на одбивањето на регистрацијата и невклучувањето во базата на податоци на овој портал за набавки. Купувачот, исто така, го задржува правото да побара дополнителни податоци од Снабдувачот (Изведувачот), потребни за регистрација.

2.3 Кога се регистрира за прв пат, Снабдувачот (Изведувачот) ќе внесе лозинка која му е позната само нему. Лозинката му овозможува на Снабдувачот (Изведувачот) да ги прегледа и менува податоците што тој ги споделува со Купувачот.

2.4 Снабдувачот (Изведувачот) се обврзува да ја третира лозинката што му е доделена како строго доверлива. Генерално е дозволено користење на сметка (account) од повеќе лица во иста компанија. Доколку Снабдувачот (Изведувачот) се сомнева дека неовластени трети лица (вклучувајќи неовластени вработени или поранешни вработени кај Снабдувачот (Изведувачот)) стекнале знаење за податоците за пристап, Снабдувачот (Изведувачот) е должен веднаш писмено да го извести Купувачот и веднаш да ја смени лозинката.

2.5 Договорено е јазикот на овие општи услови да биде македонски и англиски. Во случај на несогласувања, македонскиот текст ќе се користи како основа за појаснување. Доколку е обезбеден превод на друг јазик, тој ќе биде само за информативни цели и нема да биде обврзувачки во случај на разлики во толкувањето.

**3. Одржување/ажурирање на податоците**

3.1 Снабдувачот (Изведувачот) е должен да ги ажурира податоците зачувани во порталот за набавки. Истото важи и за сите информации, документи и потврди во порталот за набавки.

**4. Права на користење**

4.1 Целата содржина на порталот за набавки е заштитена со авторски права.

4.2 Купувачот му дава на Снабдувачот (Изведувачот) неексклузивно, непреносливо право, ограничено временски, да ги користи сите информации достапни на порталот за набавки во рамките на овие Услови за користење и целта на користење што произлегува од нив.

**5. Бришење и блокирање**

5.1 Купувачот го задржува правото да го избрише од порталот за набавки во секое време и без наведување причини Снабдувачот (Изведувачот) кој е веќе регистриран и вклучен во порталот за набавки, како и индивидуалните податоци пренесени од Снабдувачот (Изведувачот) и да го блокира пристапот до порталот за набавки под услов тоа да не е во конфликт со управувањето со тековните процеси за доделување договори / спогодби или договорни односи.

5.2. Бришењето на овие податоци ќе се изврши веднаш, под услов тоа да не е во спротивност со управувањето со тековните процеси за доделување договори или договорните односи.

**6. Одговорност**

6.1 Купувачот нема да биде одговорна за континуираната достапност или функционалност на порталот за набавки.

6.2 Купувачот нема одговорност за навременоста, веродостојноста и комплетноста на информациите пренесени преку порталот. Таквите информации не се обврзувачки и се предмет на промена во секое време. Секоја одговорност за точноста на информациите е исклучена.

6.3 Одговорноста на Купувачот и неговите законски застапници и вработени за каква било штета настаната кај Снабдувачот (Изведувачот) во постапка за доделување е исклучена - освен во случај на докажани и грубо небрежни или намерни повреди.

**7. Заштита на податоци**

7.1 Купувачот ќе ги почитува важечките закони за заштита на податоците и безбедноста на податоците при собирање, користење и обработка на личните податоци на Снабдувачот (Изведувачот).

7.2 Снабдувачот (Изведувачот) изречно се согласува на трајно чување и користење на податоците обезбедени од него од страна на Купувачот за сите намени во делокругот на работењето на овој портал за набавки.

**8. Доверливост**

8.1 Снабдувачот (Изведувачот) е должен да ги третира сите информации и знаења за Купувачот добиени при користење на порталот за набавки, особено нејзините деловни тајни, како доверливи на неограничен временски период и да не ги направи достапни за трети лица, освен ако овие податоци се веќе јавно достапни.

8.2 Снабдувачот (Изведувачот) ќе го обврзе својот персонал, вработени, како и трети страни и/или подизведувачи да ја чуваат доверливоста. Снабдувачот (Изведувачот) ќе се погрижи, со доверливите информации да бидат запознаени само оние вработени кои треба да ги знаат доверливите информации заради користење на порталот за набавки или за извршување на договор склучен врз основа на тие информации.

**9. Измени на Условите за користење**

9.1 Купувачот има право да ги измени горенаведените Општи услови за користење во секое време. За сите такви измени ќе бидат известени на соодветен начин.

9.2 Доколку измената на Условите за користење влијае на правата на Снабдувачот (Изведувачот), засегнатиот Снабдувачот (Изведувачот) може да се спротивстави на

измената во рок од две недели од известувањето за измената. По истекот на овој период, изменетите Услови за користење ќе стапат целосно на сила.

**10. Завршни одредби**

10.1. Место на јурисдикција за двете договорни страни е Граѓанскиот суд Скопје за стопански предмети. Меѓутоа, Купувачот исто така има право да го тужи Снабдувачот (Изведувачот) во неговото место на надлежност. Македонското материјално право ќе се применува за исклучување на Конвенцијата на Обединетите нации за договри за меѓународна продажба на стоки и начела за судир на закони од Регулатива Рим I.

10.2 Доколку поединечните одредби од овие Општи услови за користење – Портал за набавки на Купувачот се или станат неточни, неважечки или неприменливи целосно или делумно, тоа нема да влијае на валидноста на останатите одредби. На местото на неефективната, неважечката или неприменлива одредба, страните ќе се договорат за одредба што е што е можно поблиску до она што страните го планирале со неефективната, неважечката или неприменливата одредба во согласност со значењето и целта на постигнатиот договор.